**О П Ш Т И Н А  Д Е Л Ч Е В О**
**Градоначалник**
**Ул:,,М.М.Брицо,, бр. 40, Делчево**
**тел: 033/413-521    факс: 033/411 550**
**E-mail:opde@sonet.com.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

## Број 6
**22.05. 2012 година**

**Службен гласник на Општина Делчево**
**Излегува по потреба**

**Гласникот е бесплатен**

**Уредува**

**Одделение за човечки ресурси,**
**правни и општи работи**

**Мај, 2012**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 22.05.2012 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување акти од 36.седница**
**на Советот на Општина Делчево**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево" актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на својата 36.редовна седница која се одржа на ден 21.05.2012 година и тоа:

1. Одлука за усвојување на Нацрт-Статутот на Општина Делчево;

2. Листа за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Делчево;

3. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот;
4. Одлука за утврдување на Нацрт - Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) за градежна парцела (дел од к.п. бр. 4045, дел од 4046/2, к.п.бр. 4676 и дел од к.п. бр. 4677 ) мв. ,,Момин дол ,, КО Град - Делчево со намена Г 2- лесна и незагадувачка индустрија (производство на елементи од фурнир и брикет;

5. Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на Центарот за развој на источно-планскиот регион за 2011 година;
6. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно-планскиот регион 2009-2013 година.

7. Решение за формирање Одбор за доделување на општински награди и признанија;
8. Решение за формирање на Организационен Одбор за за формирање Одбор за одбележување на јубилејот по повод 100 години од прогласувањето на Царево Село во градска управа;

9. Одлука за донација на средства на Дневниот центар за лица со посебни потреби;

10. Одлука за пренамена на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2012 година;
11. Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево;

12. Одлука за измена на Одлуката за доделување награда на ученици од СОУ „М.М.Брицо" - Делчево;

13. Одлука за утврдување нацрт Локална урбанистичка документација за Трговски центар во близина на Граничен премин Делчево, плански опфат дел од к.п. бр. 4080 граница со магистрален пат М-5 к.п.бр.703, 705, 959 и 960 КО Звегор. м.в. „Скокото„ Делчево со намена Б2-Големи трговски единици – трговски центар;

14. Одлука за започнување на постапка за јавно приватно партнерство за реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Делчево;

II. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 08-________** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.05.2012 година** **Градоначалник,**
**Д е л ч е в о** **Горан Малешевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр.5/2002) и член 150 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Делчево („Сл. Гласник на општина Делчево" бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата 36.редовна седница, одржана на ден 21.05. 2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување Нацрт – Статут**
**на Општина Делчево**

Член 1

Се усвојува Нацрт – Статутот на Општина Делчево.

Член 2

Се задолжува Комисијата за Статут и прописи да изготви Предлог-Статут на Општина Делчево и истиот го предложи на Советот на општина Делчево за усвојување.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево„

**Број 07-1243/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.05.2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

**2.**

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за определување на имиња на улици,плоштади, мостови и други инфаструктурни објекти („Сл.весник на Република Македонија" бр.66/04,55/07 и 136/11) и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево на седницата одржана на ден 21.05. 2012 година, утврди

**ЛИСТА**
**за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфарструктурни објекти на подрачјето на општина Делчево**

I. За имиња на улици, плоштади,
мостови и на други инфаструктурни објекти на подрчјето на општината Делчево се определуваат:

**1.Улици:**
-Борис Трајковски
-Киро Глигоров
-Михаил Апостолски
-Наум Охридски
-Цар Самоил
-Димитрија Чуповски
-Васил Главинов

-Александар Македонски
-Крале Марко
-Крсте Мисирков
-Поп Стојан
-Петар Поп Арсов
-Мајка Тереза
-ВМРО
-Тоше Проевски
-Љубомир Белогаски
-Сабри Мемишов
-Азис Арифовски
-Кемал Ататурк
-Свети Пантелејмон
-Тодорова сабота
-Делчевска
-Борнова
-Јагодинска
-Вишгородска
-Симитлиска
-Киселички пат
-Габровска
-Звегорска
-Стамерска
-Градска
-Виречка
-Иставничка
-Тработивишка
-Илин Камен
-Пехчевска
-Каменичка
-Пролет
-Изгрев
-Утринска

**2.Плоштади**
-АСНОМ
-Гоце Делчев
-Пијанец
-Македонија

**3.Мостови**
-Гоце Делчев
-Слобода
-Илин мост
-Македонска армија (АРМ)

**4.Други инфраструктурни објекти**

-Кулата
-Тврдина
-Кочија
-Пеон
-Чавка
-Омар
-Кукуље
-Обел
-Бела Вода

II.Листата за определување на имиња на улици,плоштади,мостови и на други инфраструктурни објекти се доставува до Владата на Република Македонија,за добивање на согласност.

III. Листата за определување на имиња на улици,плоштади,мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општината Делчево влегува во сила со денот на објавувањето во „Слжбен гласник на општина Делчево" а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

**Бр. 07-1244/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.05.2012 година** **Претседател,**
**Делчево** **Николче Трајановски, с.р.**

3.
Врз основа на член 17 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр.24/08 и 91/09), а во согласност со член 39 и член 40 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата 36.седница, одржана на ден 21.05.2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Одлуката за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот**

Член 1

Во членот 1 на Одлуката за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот бр.07-977/1 од 29.12.2012 година, се врши измена која се состои во следното: членот на Партиципативното тело од општинската администрација **Ѓорѓи Јанковски** се заменува со членот **Љубица Ѓорѓиевска**.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Делчево„.

**Број 07-1245/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.05. 2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

4.
Врз основа на член 24 став 2 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот („Сл.в. на РМ 51/05;138/07;91/09;124/10 ,18/ 11 и 53/11 ), член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.в на РМ бр. 5/02) Советот на општина Делчево, на својата 36 редовна седница, одржана на ден 21.05 2012 година, донесе

**ОДЛУКА**

за утврдување на Нацрт - Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) за градежна парцела (дел од к.п. бр. 4045, дел од 4046/2, к.п.бр. 4676 и дел од к.п. бр. 4677 ) мв. ,,Момин дол ,, КО Град - Делчево со намена Г 2- лесна и незагадувачка индустрија (производство на елементи од фурнир и брикет

Член 1

Со оваа Предлог Одлука се утврдува Нацрт - Локална урбанистичка планска

документација (ЛУПД) за градежна парцела (дел од к.п. бр. 4045, дел од 4046/2, к.п.бр. 4676 и дел од к.п. бр. 4677 ) мв. ,,Момин дол ,, КО Град - Делчево со намена Г 2- лесна и незагадувачка индустрија (производство на елементи од фурнир и брикет).

Урбанистичкиот план е изработен според Услови за Планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Р Македонија, Решение за Услови за Планирање на просторот, , Закон за просторно и урбанистичко планирање, Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Делчево за 2011/2012 година, Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите.

Член 2

Просторот за кој се донесува Одлука за утврдување на Нацрт - Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) за градежна парцела (дел од к.п. бр. 4045, дел од 4046/2, к.п.бр. 4676 и дел од к.п. бр. 4677 ) мв. ,,Момин дол ,, КО Град - Делчево со намена Г 2- лесна и незагадувачка индустрија (производство на елементи од фурнир и брикет) е со површина од 4 673 м2.

Член 3

Овој локалитет е дефиниран со следните граници:

- на север граничи со река Граштица со дел од актуелен ГУП за стопански комплекс
- на запад граничи со дел од кп 4046/2, кп 4675 и дел од кп 4677
- на исток граничи со дел од актуелен ГУП за стопански комплекс
- на југ граничи со кп 467

Член 4

Деталниот урбанистички план на Нацрт - Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) за градежна парцела (дел од к.п. бр. 4045, дел од 4046/2, к.п.бр. 4676 и дел од к.п. бр. 4677 ) мв. ,,Момин дол ,, КО Град - Делчево со намена Г 2- лесна и незагадувачка индустрија (производство на елементи од фурнир и брикет) е со површина од 4673 м2 и изработен од страна на А.Д. за Урбанизам,проектирање и инжењеринг ,, ПЛАНЕРИС,, Куманово и изготвен во два дела:

А) Документациона основа

Б) Планска документација

Подрачјето на опфатот претставува една градежна парцела 1,01 .

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени објекти од класа на намени Г – Г2 лесна и незагадувачка индустрија (производство на елементи од фурнир и брикет)

Во планот се предвидени следните компатибилни намени:

Б1,Б2 , Г3 и г4 со макс. 30% од основната намена

Со планот се одредени:

- облик и големина на површина за градба (м2)
- регулациона линија
- градежна линија
- максимална површина за градба (м2)

- процент на изграденост (%)
- коефициент на искористеност ( к)
- намена на површини
- макс. висина (м1)
- потребен број на паркинг места
- други потребни параметри потребни за спроведување на планот

Член 5

Нацрт Деталниот урбанистички план содржи:

А) Документациона основа

- текстуален дел
- графички приказ
- нумерички дел

Б) Планска документација

- текстуален дел
- графички приказ
- нумерички дел

Член 6

Локалната урбанистичка планска документација (ЛУПД) се одобрува со Решение на Градоначалникот, а на предлог на Комисија.

Член 7

Локалната урбанистичка планска документација (ЛУПД) се чува во Одделението за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина.

Член 8

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево,,.

**Број 07 – 1246/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.05.2012 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Николче Трајановски, с.р.**

5.

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. Весник на РМ" бр.63/2007) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 36.редовна седница, одржана на ден 21.05. 2012, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за работењето**
**на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2011 година**

1. Се усвојува Извештајот за работењето на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2011 година, заедно со Годишниот финансиски извештај за 2011 година, кој е составен дел на Извештајот за работењето.

2. Заклучокот да се достави до Центарот за равој на Источно-планскиот со седиште во Штип.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1247/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.05. 2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

**6.**

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. Весник на РМ" бр.63/2007) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 36.редовна седница, одржана на ден 21.05. 2012, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот Извештај за спроведување**
**на Програмата за развој на**
**Источно-планскиот регион 2009-2013 година**

1. Се усвојува Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно-планскиот регион 2009-2013 година.

2. Заклучокот да се достави до Центарот за равој на Источно-планскиот со седиште во Штип.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1248/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.05. 2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

**7.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 57 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата 36. редова седница, одржана на ден 21.05.2012 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање Одбор за доделување на**
**општински награди и признанија**

I. Се формира Одбор за доделување на општински награди и признанија од 5 члена во следниов состав:

1. Здравко Мирчевски – Секретар на Општина Делчево;
2. Анка Христова-Раководител на Одделение за финансии, буџет, јавни дејности и ЛЕР;
3. Крум Николовски – Раководител на Одделението за инспекциски надзор;
4. Горан Петровски -Раководител на Одделението за урбанизам, уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина;
5 . Љупчо Ф. Петровски – Директор на НУЦК „Н.Ј.Вапцаров" - Делчево;
6. Слободанчо Димитровски – Член на Советот на Општина Делчево;
7. Горан Георгиевски-Член на Советот на Општина Делчево;

8. Зоран Становски-Член на Советот на Општина Делчево;
9. Љупчо С. Петровски- Член на Советот на Општина Делчево;

II.

Одборот ги врши следните работи:

- утврдува критериуми за доделување награди и признанија;
- распишува Конкурс за доделување награди и признанија;
- донесува одлука за бројот и паричниот износ на наградата;
- донесува одлука за доделување на награда

III.

Мандатот на претседателот и члeновите на Одборот трае 4 години. Во случај кога на член на Одборот ќе му престане мандатот по било кој основ и од кои било причини, Советот на Општина Делчево истиот ќе го разреши и ќе именува нов член.

Мандатот на новоименуваниот член на Одборот трае до истекот на мандатот на членот на чие место е именуван.

IV. Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Делчево„

**Број 07-1249/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.05. 2012 г.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

**8.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 36 редова седница, одржана на ден 21.05. 2012 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање Одбор за одбележување на јубилејот по повод 100 години од прогласувањето на Царево Село во градска управа**

I. Се формира Одбор **з**а одбележување на јубилејот по повод 100 години од прогласувањето на Царево Село во градска управа во следниов состав:

1. Здравко Мирчевски – Секретар на Општина Делчево
2. Анка Христова-Раководител на Одделение за финансии, буџет, јавни дејности и ЛЕР,
3. Крум Николовски – Раководител на Одделението за инспекциски надзор;
4. Горан Петровски -Раководител на Одделението за урбанизам, уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина

**Претставници на Советот**

5. Николче Трајановски-Претседател на Советот, претставник на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ;
6. Мира Стојчевска, член на Советот, претставник на советничката група на СДСМ;
7. Елизабета Тасевска, член на Советот, Претставник на независна листа ВН;
8. Љупчо Петровски, член на Советот, Претставник на независна листа ЉП;

**Претставници на НВО**

9. Ирена Мановска
10. Зекир Абдулов

**Претставници на бизнис секторот**

11. Претставник на Д1 Телевизија
12. Претставник на МК „Витекс"
13. Претставник на АД „Фротирка компани" - Делчево

14. Претставник на Хотел „Македонија" Делчево

**Претставници на образовно-воспитни институции**

15. Митко Антовски- Директор на СОУ „М.М.Брицо"
16. Сашко Ивановски, заменик-директор на ООУ „Ванчо Прке"
17. Данка Атанасовска, заменик-директор на ООУ „Св.Климент Охридски"
18. Зорица Мановска, Директор на ЈЛБ „Илинден"
19. Љупчо Петровски, Директор на НУЦК „Н.Ј.Вапцаров"
20. Ванчо Цветковски, заменик-директор на ЈПКД „Брегалница"
21. Тони Иванов, Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови"

II.

Одборот има за задача да ги преземе сите активности за организирање на јубилејот по повод 100 години од прогласувањето на Царево Село во градска управа, по повод свеченостите за прослава на истиот од 6 до 8 Септември 2012 година .

Одборот за сите активности ќе соработува со Комисијата за одбележување на културни настани и манифестации.

III.

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1250/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.05. 2012 г.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

**9.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), како и Барањето на Дневниот центар за лица со посебни потреби бр.10-511/1 од 28.02.2012 година, Советот на Општина Делчево, на својата 36.редовна седница, одржана на ден 21.05. 2012, донесе

**ОДЛУКА**
**за донација на средства**
**на Дневниот центар за лица со посебни потреби**

Член 1

Советот на Општина Делчево го одобрува Барањето на Дневниот центар за лица со посебни потреби бр.10-511/1 од 28.02.2012 година .

Советот на Општина Делчево одобрува исплата на средства во висина од 15.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево за 2012 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сола осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Делчево".

**Број 07-1251/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.05. 2012 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

10.

Врз основа на член 36 став1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/20020 и член 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на седницата одржана на ден 21.05.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на распоредот на средствата во Буџетот**
**на Општина Делчево за 2012 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства на Општина Делчево за 2012 година и тоа на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| N20 | СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | 0 | -55.600 | 0 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | -30.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | -174.972 | 0 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услиги во образованието | 0 | - 20.000 | 0 | 0 | 0 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 280.572 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево" и станува составен дел на Буџетот на општина Делчево за 2012 година.

**Број 07-1252/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.05.2012 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

**11.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 36.редовна седница, одржана на ден 21.05. 2012 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Кварталниот извештај**
**за извршувањето на Буџетот на општина Делчево**
**за периодот 01.01.2012 до 31.03.2012**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2012 до 31.03.2012.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1253/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.05. 2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

**12.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.

Весник на РМ" бр. 5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 36. редовна седница, одржана на ден 21.05.2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена на Одлуката за доделување награда**
**на ученици од IV година**
**од СОУ „М.М.Брицо" – Делчево**

Член 1

Се врши измена во членот 1 на Одлуката за доделување награда на ученици од IV година од СОУ „М.М.Брицо" – Делчево, бр.07-888/1 од 30.03.2012 година.

Измената се состои во тоа што бројот 10 (десет) се заменува со бројот 14 (четиринаесет).

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1254/1**
**21.05. 2012**
**Делчево**

**Совет на општина Делчево**
**Претседател,**
**Николче Трајановски, с.р.**

13.

Врз основа на член 24 став 2 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот ( Сл.в. на РМ 51/05;138/07;91/09;124/10 ,18/ 11 и 53/11 ), член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.в на РМ бр. 5/02) Советот на општина Делчево, на својата 36. редовна седница, одржана на ден 21.05.2012 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на Нацрт - Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) за ТРГОВСКИ ЦЕНТАР ВО БЛИЗИНА НА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН,, ДЕЛЧЕВО ,, плански опфат дел од к.п. бр. 4080 граница со магистрален пат М5 к.п. бр.703, 705, 709, 710, 959, и 960 к.о. Звегор мв. ,,Скокото ,, - Делчево со намена Б 2- Големи трговски единици – трговски центар**

Член 1

Со оваа Предлог Одлука се утврдува Нацрт - Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) ТРГОВСКИ ЦЕНТАР ВО БЛИЗИНА НА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН,, ДЕЛЧЕВО ,, плански опфат дел од к.п. бр. 4080 граница со магистрален пат М5 к.п. бр.703, 705, 709, 710, 959, и 960 к.о. Звегор мв. ,,Скокото ,, - Делчево со намена Б 2- Големи трговски единици – трговски центар.

Урбанистичкиот план е изработен според Услови за Планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Р Македонија, Решение за Услови за Планирање на просторот,Закон за просторно и урбанистичко планирање, Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Делчево за 2011/2012 година, Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите .

Член 2

Просторот за кој се донесува Одлука за утврдување на Нацрт - Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) ТРГОВСКИ ЦЕНТАР ВО БЛИЗИНА НА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН,, ДЕЛЧЕВО ,, плански опфат дел од к.п. бр. 4080 граница со магистрален пат М5 к.п. бр.703, 705, 709, 710, 959, и 960 к.о. Звегор мв. ,,Скокото ,, - Делчево со намена Б 2- Големи трговски единици – трговски центар е со површина од 1,5 ха.

Член 3

Овој локалитет е дефиниран со следните граници:

- по границите на катастерските парцели од исток кон запад к.п.бр. 703, 705, 709, 710, 959, 960 и дел од к.п. бр.4080,к.о. Звегор мв. ,,Скокото ,, - Делчево
- на југ граничи со дел од трасата на магистрален пат М5

Член 4

Детален урбанистички план на Нацрт - Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) ТРГОВСКИ ЦЕНТАР ВО БЛИЗИНА НА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН,, ДЕЛЧЕВО ,, плански опфат дел од к.п. бр. 4080 граница со магистрален пат М5 к.п. бр.703, 705, 709, 710, 959, и 960 к.о. Звегор мв. ,,Скокото ,, - Делчево со намена Б 2- Големи трговски единици – трговски центар е со површина од 1,5 ха и изработен од страна на доо УРБАН Штип и изготвен во два дела:

А) Документациона основа

Б) Планска документација

Подрачјето на опфатот претставува една градежна парцела 1,1 .

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени објекти од класа на намени Б – Б2 Големи трговски единици – трговски центар.

Во планот не се утврдени компатибилни намени во донос на основната намена.

Со планот се одредени:

- облик и големина на површина за градба (м2)
- регулациона линија
- градежна линија
- максимална површина за градба (м2)
- процент на изграденост (%)
- коефициент на искористеност ( к)
- намена на површини
- макс. висина (м1)
- потребен број на паркинг места
- други потребни параметри потребни за спроведување на планот

Член 5

Нацрт Деталниот урбанистички план содржи:

А) Документациона основа

- текстуален дел
- графички приказ
- нумерички дел

Б) Планска документација

- текстуален дел
- графички приказ

- нумерички дел

Член 6

Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) се одобрува со Решение на Градоначалникот а на предлог на Комисија

Член 7

Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) се чува во Одделението за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина

Член 8

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево,,

**Број 07 – 1255/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.05.2012 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Николче Трајановски**

**14.**

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство ( „Сл. Весник на РМ" бр.6/2012), а во врска со Заклучокот за усвојување на Физибилити студија за реконструкција на јавното осветлување во Општина Делчево бр.07-962/1 од 13.04.2012 година („Сл.гласник на општина Делчево" бр. 3 од 18.04.2011 година), Советот на општина Делчево, на својата 36.редовна седница одржана на ден 21.05.2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за започнување на постапка за јавно приватно партнерство за реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево донесува Одлука за започнување на постапка за јавно приватно партнерство за реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Делчево, согласно законот.

Член 2

Согласно член 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, оваа одлука содржи:

**Образложение за оправданоста за воспоставување Договор за ЈПП**

Постојниот систем на уличното осветлување е базиран на застарена опрема и застарен материјал со значителни недостатоци и енергетска неефикасност. Во општина Делчево има вкупно 962 светилки од кои 680 се 125 W, од 236 до 250 Hg I 46 се 400 W Hg. Насекаде во светот се употребуваат современи, модерни и штедливи светилки. Со поставувањето на новите LED светилки на постојната инсталација ќе се постигне значителна предност во однос на фотометриските резултати.Моментално Општината издвојува 3.878.817,62 денари за електрична енергија, додека со замена на постојните живини светилки трошоците на годишно ниво би изнесувале само 801.329,76 денари.

Во однос на постојните живини сијалици кај LED светилките 5% од енергијата се претвора во топлинска, а дури 95% во светлина, додека, пак, кај другите светилки речиси 50% се претвора во топлинска и 50% во светлинска енергија.

**Цели на Одлуката**

Врз основа на анализите на моменталната состојба со јавното осветлување во општина Делчево како глави цели се:

1.Модернизација и поголем квалитет на јавното осветлување;

2.Заштеда на електрична енергија со што значително ќе се намалат трошоците за потрошена електрична енергија на годишно ниво;

3.Намалување на трошоците за редовно одржување на јавното осветлување. Моментално Општината издвојува 1.714.400,00 денари, а со новото решение истите ќе се намалат на 598.530,00 денари;

4.Инвестиции за засилување на квалитетот на уличното осветлување и запазување на стандардите на Европската унија;

5. Подобрување на нивото на осветленост на јавното осветлување, како и на условите за одвивање на сообраќајот и движењето на пешаците во ноќни услови;

6.Создавање услови за проширување на мрежата на јавното осветлување со поставување на нови сијалични места;

7. Заштита на околината.

**Предмет на Договорот за воспоставување на ЈПП**

Предмет на Договорот за воспоставување на ЈПП е реконструкција и одржување на јавното осветлување во општина Делчево, а ќе се спроведе како отворена постапка за доделување на Договор за јавна набавка на работи, согласно Законот за јавни набавки и тоа на начин што првата фаза ќе се спроведе во хартиена форма, а последната фаза електронски со објава на Е-аукција преку ЕСЈН (Електронски систем на јавни набавки).

**Вид на постапката за воспоставување Договор**

Постапката ќе се спроведе како отворена постапка за доделување на Договор за јавна набавка на работи.

**Начин и рок за спроведување на постапката**

Крајниот рок за поднесување на понудите изнесува 45 дена од денот на објавувањето во ЕСЈН и во „Сл.весник на РМ".

**Висина на надоместокот за издавање на тендерската документација**

Висината на надоместокот за издавање на тендерска документација изнесува 3.000,00 денари.

Член 3

Постапката ќе започне по објавувањето на одлуката во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево„.

**Број 07-1256/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**21.05.2012 г.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

# СОДРЖИНА

1.Одлука за усвојување на Нацрт-Статутот на Општина Делчево;
2.Листа за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Делчево;
3.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот;4.
4.Одлука за утврдување на Нацрт - Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) за градежна парцела (дел од к.п. бр. 4045, дел од 4046/2, к.п.бр. 4676 и дел од к.п. бр. 4677 ) мв. ,,Момин дол ,, КО Град - Делчево со намена Г 2- лесна и незагадувачка индустрија (производство на елементи од фурнир и брикет;

5.Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на Центарот за развој на источно-планскиот регион за 2011 година;
6.Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно-планскиот регион 2009-2013 година.

7.Решение за формирање Одбор за доделување на општински награди и признанија;
8.Решение за формирање на Организационен Одбор за за формирање Одбор за одбележување на јубилејот по повод 100 години од прогласувањето на Царево Село во градска управа;
9.Одлука за донација на средства на Дневниот центар за лица со посебни потреби;

10.Одлука за пренамена на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2012 година;
11.Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево;

12. Одлука за измена на Одлуката за доделување награда на ученици од СОУ „М.М.Брицо" - Делчево;

13. Одлука за утврдување нацрт Локална урбанистичка документација за Трговски центар во близина на Граничен премин Делчево, плански опфат дел од к.п. бр. 4080 граница со магистрален пат М-5 к.п.бр.703, 705, 959 и 960 КО Звегор. м.в. „Скокото„ Делчево со намена Б2-Големи трговски единици – трговски центар;

14.Одлука за започнување на постапка за јавно приватно партнерство за реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Делчево;